## ПРОБЛЕМИ НА ОКЛУЗИЈАТА

**Проф. д-р Будимир Б.Соколовиќ**
**издавач: "Просвета" - Ниш, 1991**

Во средината на оваа година излегоа од печат две едиции: "Проблеми оклузије" и "Тотална зубна протеза и говор" од на нас, добро познатиот Будимир Б. Соколовиќ, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Ниш.

Авторот на овие книги е човек од перото, за што зборуваат неговите бројни научни трудови и учебници, човек од професијата, науката, над сѐ упорен и истраен истражувач во области што се малку обработувани.

Студијата ПРОБЛЕМИ ОКЛУЗИЈЕ ги опфаќа глобалните проблеми на оклузијата и произлегува од долгогодишните истражувања на авторот на овој проблем. Истовремено, таа претставува континуитет на ФИЗИОЛОГИЈА НА ОКЛУЗИЈАТА, од истиот автор, објавена во 1982 година, како прва книга од оваа проблематика кај нас.

Матријалот во книгата е поделен на три поглавја. Во првото е опфатена доста спорната дефиниција на оклузијата и артикулацијата, референтната положба на мандибулата, неврофизиологијата и функцијата на стоматогнатниот систем.

Во второто поглавје е изложена дисфункцијата на стоматогнатниот систем, почнувајќи со кратки историски податоци, па етиолошки фактори, патогенезата и симптоматологијата на дисфункцијата.

Во третото поглавје се дадени можностите за терапија и рехабилитација на дисфункцијата на стоматогнатниот систем, преку разните тераписки методи кои денеска се препорачуваат.

Можностите за терапија на дисфункцијата се двојни, и тоа: преку симптоматска директна терапија на мускулите за џвакање и физиотерапија, преку етиолошка терапија која опфаќа третман на психичките и емоционалните фактори, периферните фактори, потоа третирање на оклузијата со остружување и со тоа директна модификација на денталната морфологија или со протетички и ортодонтски реставрации.

Книгата заслужува целосно внимание и треба да се прочита. Материјалот е изнесен на дидактички прифатлив начин, што е резултат од богатото и долгогодишно стручно-практично и научно искуство на авторот. Студијата "Проблеми на оклузијата" од проф. д-р Будимир Б. Соколовиќ ја збогатува стручната и научната литература која придонесува за развој на науката од областа на оклузијата. Таа ќе им го олесни совладувањето на оваа материја на сите кои ја изучуваат или ја практицираат стоматологијата.

Проф. д-р **Ефтим Мирчев**

## ТОТАЛНАТА ЗАБНА ПРОТЕЗА И ГОВОР

**Проф. д-р Будимир Соколовиќ**
**издавач: "Просвета" - Ниш**

Оваа книга не е класичен учебник за студентите кои треба да научат како да изработуваат протези и како пациентот да ги прифати. овде авторот одделните фази на изработка ги опишува сосема накусо за да може да укаже на односот на одделните делови или односот на целата протеза и говорот, влијанието на беззабоста или на лошо изработената протеза врз говорот, како и на можностите за изработка на тотална протеза преку користење на говорот и говорните тестови.

Затоа ова дело е за надградба на основните студентски знаења стекнати во текот на студиите, се задржува на бројни фактори кои во тој период не се доволно опфатени, разработени и сфатени.

Книгата ТОТАЛНАТА ЗАБНА ПРОТЕЗА И ГОВОРОТ е прва книга која прави синтеза меѓу техничката и клиничката изработка, со посебен осврт на говорната функција, и тоа на еден прифатлив, разбирлив и поучен начин. Таа е печатена на 223 страници, поделена на 18 поглавја, а содржи и литература. Секое поглавје е целина за себе. Авторот внесува и многу лични сознанија од испитувањето, со што дава свој голем придонес во струката и науката.

На крајот треба да се каже дека станува збор за вредно дело кое ја збогатува стоматолошката стручна и научна литература. Ова дело ќе послужи како драгоцен извор за надоградување не само на студентите (дипломците) туку и на практичарите, специјализантите, магистрантите (подипломци) и докторандите.

"Тоталната забна протеза" и "Проблеми на оклузијата" се технички богато опремени и изведени, печатени на фина хартија.

Проф. д-р **Ефтим Мирчев**

## ОСНОВНИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ДЕТСКАТА СТОМАТОЛОГИЈА

## NOTES ON PAEDIATRIC DENTISTRY

**Stanley F. Parkin**
**Oxford: Wright, 1991**

Оваа книга ги обединува и ги објаснува главните проблеми од детската стоматологија. Таа е наменета за недипломирани студенти и стоматолошки практичари.

Содржината на оваа книга е дадена на 225 страници и содржи 15 поглавја.

Поглавјата "Дете" и "Контрола врз однесувањето" не запознаваат со есенцијалните потреби на детето, особеностите на физичкиот, менталниот, емоционалниот и социјалниот развиток кај дететот. Тоа е неопходно за воспоставување контакт со малиот пациент и контрола врз неговото однесување, но со секогаш присутна будност за препознавање на малите знаци на анксиозност.

Третото поглавје го опишува воведот во стоматолошката ординација и земањето на историјата, вршењето на можните испитувања, одредувањето на дијагнозата и планирањето на терапијата, за кои постапки е важно, а некогаш и неопходно, присуството на родителите. Поради генетскиот и соматскиот ефект на јонизирачката радијација, се напоменува дека радиографската експозиција на децата се сведува на минимум и никако не се гледа на тоа како на рутинска постапка.

Превентивната стоматологија зазема посебно место во книгата, со опширен осврт на исхраната, оралната хигиена, флуоридите и фисурното залевање.

Употребата на локалната анестезија при болни стоматолошки процедури овозможува, според авторот, не само редукција туку и превенција од детскиот страв и анксиозноста, а општата анестезија тој ја користи исклучително ретко. Наредните две поглавја се однесуваат на најчестите интервенции кај стоматолозите практичари: санација на кариесот, ендодонтскиот третман и екстракција, како на млечни така и на трајни заби, со краток прегледен опис на постапните фази.

Поглавјето "Ортодонтски - педодонтскипроблеми" ги истакнува предвременото губење на млечните заби, губењето на трајните заби и штетните навики како најраспространети од проблемите што се заеднички за педодонтот и ортодонтот.

Трауматските повреди на млечните и трајните заби се шематски прикажани и обработени според оштетеноста на одделни забни ткива. Секоја фрактура (класа) содржи краток осврт на етиологијата, клиничката слика, терапијата и прогнозата.

Следното поглавје, "Детска злоупотреба", апелира до стоматолозите практичари, поради својата зафатеност, да не бидат површни туку да обрнат внимание на децата кои имаат повреди на главата или вратот, кои тешко соработуваат, бидејќи може да се работи за деца злоупотребувани од возрасните, најчесто од нивните родители. Застрашува податокот дека во Велика Британија годишно умираат 70-80 деца од. ваква злоупотреба.

Хендикепираните деца заземаат посебно поглавје со концизен опис на физичките, менталните и медицинските недостатоци, кои предизвикуваат социјални и емоционални ефекти кај дететот и неговото семејство.

Од оралните заболувања авторот ја истакнува пародонтопатијата и важноста на нејзината превенција и раната детекција.

Последното поглавје се однесува на препишувањето лекови на децата, со краток опис на најчесто применуваните лекови и формулите за одредување на дозата.

На крајот се дадени адресите и телефонските броеви на важните стоматолошки воспитни и информативни здруженија и корисни институции и организации во Велика Британија.

Задоволство е да се прочита оваа книга, настаната како резултат на долгогодишното искуство на авторот, кој не само што ни ја презентира својата љубов кон малите пациенти туку нѐ поттикнува, нас педодонтите, исто така да ја манифестираме.

ас. д-р **Мери Бекировиќ**